**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-88/2**
**Скопје, 22.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА САМОКОВ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Самоков за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Самоков за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
- Милевски Жарко - градоначалник на општина Самоков од 01.01.2005 до 27.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на ден 07.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.1.1. Ненаменски се потрошени средствата кои се обезбедени од продажба на канцелариска опрема во вкупен износ од 111 илјади денари, кои во недостиг на средства се искористени за исплата на плати и надоместоци , а не се инвестирани за стекнување на нови ствари во сопственост на општината, што е спротивно на член 66 од Законот за локална самоуправа. Причина за ваквите незаконски исплати е негрижноста за законско користење на добрата во општа употреба, што пак придонесува за незаконско намалување на средствата на општината.
Непочитувањето на Законот за локална самоуправа од страна на органите на општината, доведува до ненаменско користење на средствата на единицата на локалната самоуправа.
**Препорака:**
Бидејќи со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија општина Самоков се укинува и станува населено место на општина Македонски Брод, надлежните органи на општина Македонски Брод да преземат мерки за надминување на ваквите состојби и утврдување на одговорност на носителите на ваквите дејанија.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Органот на Општина Самоков на ден 31 Мај 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1., кај Органот на Општина Самоков не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ЕЛС Самоков**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 572 | 1.678 |
| **Вкупно приходи** | | **572** | **1.678** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 369 | 1.216 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 103 | 453 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | | 0 | 9 |
| Субвенции и трансфери | 3.3. | 100 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **572** | **1.678** |
| **Вкупно расходи** | | **572** | **1.678** |

**ОРГАН НА ЕЛС Самоков**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.МАЈ**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2005** | **2004** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.1. | 10 | 110 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 56 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10** | **166** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 18 | 248 |
| **Вкупно постојани средства** | | **18** | **248** |
| **Вкупна актива** | | **28** | **414** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | 8 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.1. | 10 | 110 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | 48 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10** | **166** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 18 | 248 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **18** | **248** |
| **Вкупна пасива** | | **28** | **414** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **532** | **532** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | **-** |
| Расходување | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **514** | **514** |
| Отпис на капитални средства | 284 | **284** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | **-** |
| Амортизација | (263) | **(263)** |
| Продадени средства | 493 | **493** |
| **Состојба 31.05.2005 година** | **18** | **18** |